# РАБОТАТА КАКО ОБЛИК НА ТРЕТМАН ВО НАСОКА НА ОСТВАРУВАЊЕ УСПЕШНА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА



Овој проект е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

ГРАДЕЊЕ НА УСЛУГИ ЗАСНОВАНИ НА ЗАЕДНИЦАТА ЗА ПОДДРШКА НА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ПОРАНЕШНО ОСУДЕНИ ЛИЦА

ГРАДЕЊЕ НА УСЛУГИ ЗАСНОВАНИ НА ЗАЕДНИЦАТА
ЗА ПОДДРШКА НА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И
РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ПОРАНЕШНО ОСУДЕНИ ЛИЦА

# РАБОТАТА КАКО ОБЛИК НА ТРЕТМАН ВО НАСОКА НА ОСТВАРУВАЊЕ УСПЕШНА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА

МАКЕДОНСКО
ПЕНОЛОШКО
ДРУШТВО

**Издавач:** МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО

**Уредник:** Доц. д-р Елена Мујоска Трпевска

**Наслов на публикацијата:** РАБОТАТА КАКО ОБЛИК НА ТРЕТМАН ВО НАСОКА НА ОСТВАРУВАЊЕ УСПЕШНА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА

**Автор:** Проф. д-р Александра Груевска Дракулевски

**Лектор:** Весна Костовска

**Графички дизајн:** Бригада дизајн

**Печати:** Полиестердеј - Скопје

**Тираж:** 100

**Место:** Скопје

**Година на изданието:** 2024

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

349.2:343.261-052]:341.24(047.31)
349.2:343.261-052(497.7)(047.31)

ГРУЕВСКА - Дракулевски, Александра
Работата како облик на третман во насока на остварување успешна ресоцијализација и реинтеграција на осудените лица / Александра Груевска - Дракулевски. - Скопје : Македонско пенолошко друштво, 2024. - 48 стр.
: табели ; 24 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-66465-5-4

а) Осудени лица на казна затвор - Работно ангажирање - Меѓународно-правна регулатива - Истражувања б) Осудени лица на казна затвор - Работно ангажирање - Македонија - Истражувања

COBISS.MK-ID 64603653

МЗМП

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

избор

МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на МПД и на никаков начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата на Европската Унија.

# СОДРЖИНА

КРАТЕНКИ ....... 4

ИЗВАДОК ....... 5

1. ВОВЕД ....... 6
   Поим и значење на работата како облик на третман на затворениците во насока на остварување успешна ресоцијализација и реинтеграција ....... 6

2. МЕЃУНАРОДНИ ДОКУМЕНТИ ШТО ЈА УРЕДУВААТ РАБОТАТА КАКО ОБЛИК НА ТРЕТМАН НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА ....... 9
   2.1 Стандардни минимални правила за постапување со затворениците (Правила на Нелсон Мандела) ....... 11
   2.2 Европски затворски правила ....... 12

3. РАБОТАТА НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА СПОРЕД ИЗВРШНОТО КАЗНЕНО ПРАВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ....... 13

4. ЕМПИРИСКИ ДЕЛ ....... 20
   Работно ангажирање на осудените лица во казнено-поправните установи во Република Северна Македонија ....... 20
   4.1 КПД Идризово ....... 21
   4.2 КПД Штип ....... 22
   4.3 КПД Прилеп ....... 22
   4.4 КПД Струга ....... 23
   4.5 Затвор Битола ....... 23
   4.6 Затвор Гевгелија ....... 24
   4.7 Затвор Куманово ....... 25
   4.8 Отворено одделение во Крива Паланка ....... 25
   4.9 Затвор Охрид ....... 26
   4.10 Затвор Скопје ....... 26
   4.11 Затвор Струмица ....... 26
   4.12 Затвор Тетово ....... 27

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ ....... 28

НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК ....... 30

ПРЕПОРАКИ ....... 32

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ....... 33

АНЕКС ....... 36

# КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **ВПУ** | Воспитно-поправна установа |
| **ЕЗП** | Европски затворски правила |
| **ЗИС** | Закон за извршување на санкциите |
| **КПТ** | Комитет за превенција од тортура |
| **КПУ** | Казнено-поправна установа |
| **ПНМ** | Правила на Нелсон Мандела<br>(Стандардни минимални правила за постапување со затвореници) |
| **НПМ** | Национален превентивен механизам |
| **РСМ** | Република Северна Македонија |
| **УИС** | Управа за извршување санкции |

# ИЗВАДОК

Оваа студија е фокусирана на значењето на работата како облик на третман во насока на остварување успешна ресоцијализација и реинтеграција на затворениците. Преку спроведеното истражување базирано врз примарни и секундарни податоци, извршена е евалуација на спроведувањето на работата како облик на третман во нашата земја и формулирани се препораки за ефикасна примена во функција на остварување ефикасна ресоцијализација и реинтеграција во заедницата на осудените лица.
Во документот е опфатена меѓународната регулатива. Анализирани се меѓународните документи што се однесуваат на правата на затворениците, конкретно одредбите за работата како третман на осудените лица, и тоа, Правилата на Нелсон Мандела (ПНМ) – ревидираните Стандардни минимални правила за постапување со затворениците и Европските затворски правила (ЕЗП). Потоа, анализирана е работата на осудените лица според извршното казнено право на Република Северна Македонија, и тоа, Законот за извршување на санкциите и подзаконските акти. Во емпирискиот дел на студијата е спроведено истражување за работниот ангажман на затворениците во казнено-поправните установи во Република Северна Македонија, фактичката состојба, проблемите и можните решенија. Побарани се податоци од сите казнено-поправни установи преку Управата за извршување санкции (УИС). Исто така, користени се и достапните годишни извештаи на УИС за состојбата и работењето на казнено-поправните и воспитно-поправните установи во РСМ. Достапните податоци се систематизирани и од нивната анализа произлегоа одредени заклучоци, констатации и предлози.

Оваа студија е изработена во рамките на проектот „Воспоставување услуги во заедницата за поддршка преку ресоцијализација и реинтеграција на поранешни осудени лица“, проект финансиран од Европската Унија.

# 1. ВОВЕД.

## Поим и значење на работата како облик на третман на затворениците во насока на остварување успешна ресоцијализација и реинтеграција

Работата на затворениците е еден од најважните видови третмани за нивна успешна ресоцијализација и реинтеграција. Од една страна, според научно потврдените ставови, работата на луѓето одиграла голема улога во развојот на човековото општество и човекот како општествено суштество. Човекот постои, се развива и еволуира, се потврдува како свесно и креативно суштество преку трудот. Трудот е квалификација што ги разликува луѓето од другите живи суштества. Во нашето општество, социјалниот, политичкиот, економскиот и социјалниот статус на поединецот во општеството и неговиот живот се определува според неговата положба во работниот процес и постигнатите резултати. Положбата на осуденото лице за време на извршувањето на казната затвор не треба да се разликува од положбата на слободниот граѓанин; затоа треба на осуденото лице да му се обезбеди положба што е идентична со положбата на работникот на слобода.[1]

Од друга страна, според научно верифицираните пенолошки и криминолошки сознанија, најголем дел од затворениците имаат негативен однос кон работата, немаат работни навики и соодветни квалификации за извршување одреден вид работа, исто така, имаат изградено модел на социјално однесување за да ги задоволуваат своите потреби со неработење и со кршење на правата и слободите на другите. Негативниот став кон трудот формира негативен систем на вредности. Работата, работниот третман и работната терапија за време на извршувањето на казната затвор треба да влијаат врз промената на негативните ставови кон трудот и негативните навики. Преку работата, затвореникот станува свесен и стекнува доверба во сопствените способности. Работата на осуденото лице е неопходна за да го пополни времето што во казнено-поправната установа секогаш е предолго и минува многу бавно. Преку работа, осуденото лице остварува комуникации со останатите осудени лица и затворскиот персонал, но и со надворешниот свет. Во тие комуникации се остварува и превоспитниот процес.

Низ историјата на извршувањето на казната лишување од слобода, работата на осудените лица не била облик на третман, туку начин на дополнително свирепо казнување, на најбезобзирна експлоатација на осуденичката работна сила.[2]

Денес, во нашата држава, работата на осудените лица е ослободена од секаков вид експлоатација. Преку работата, осудените лица треба да се ресоцијализираат и да доживуваат лична и општествена благосостојба.

Со работата, осудените лица образовно, стручно и професионално се оспособуваат за самостоен и корисен живот на слобода, но и ги развиваат сопствените потенцијали и работните навики.[3]

1 Арнаудовски, Љ./Груевска-Дракулевски, А. (2013), *„Пенологија“* (прв и втор дел), Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2 Август С Штип, Скопје.

2 За повеќе в.: Арнаудовски, Љ./Груевска-Дракулевски, А. (2013), *„Пенологија“* (прв и втор дел), Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2 Август С Штип, Скопје. Gruevska-Drakulevski, Aleksandra (2016) *“Work of Prisoners in Macedonia: Legislative and Practical Aspects”*, in Iustinianus Primus Law Review, no. 12, volume VIII, Spring 2016, Skopje: Faculty of Law “Iustinianus Primus” in Skopje.

3 Упатство за определување на видовите и начините на третман на осудените лица („Службен весник на Република Македонија“ бр. 133/2020), член 16.

Вклучувањето на осудените лица во работниот процес се остварува со целосно почитување на следниве *начела:* работата не треба да има понижувачки карактер; земање предвид на физичките и психичките способности на осудените лица при остварувањето на правото на работа; овозможување на осудените лица да го избираат видот на работата согласно нивниот интерес за одреден вид работа; ангажирање на осудените лица на продуктивна работа во определено работно време; професионално, стручно и корисно оспособување и овозможување еднакви услови за работа како на слобода.[4]

За вклучување на осудените лица во работниот процес, потребно е: овозможување работно ангажирање на сите осудени лица што се способни за работа и сакаат да работат; систем на работилници од различен вид; работно ангажирање осудени лица во согласност со стратегии за понудување на производите на пазарот; работа во просториите во кои се сместени осудените лица во установи од затворен тип; земјоделско-сточарски активности; работа надвор од установата; одржување на општата и личната хигиена и работа во кујна и во другите службени простории во установата.[5]

Работното оспособување се врши од страна на инструктори и други оспособени лица што со своето влијание придонесуваат за остварување на конкретните цели дефинирани во индивидуалната програма за третман на осуденото лице, и тоа: промена на негативните ставови кон работата, развивање и поттикнување на интересот за работа, почитување на општата дисциплина во работата, соработка со другите осудени лица во работната група, како и соработка со другите стручни лица во спроведување на третманот.[6]

Дополнителна придобивка од работата на осудените лица е исполнувањето на нивното слободно време, со што донекаде се избегнуваат негативните последици од изолацијата во казнено-поправните установи и се олеснува транзицијата кон живот на слобода. Науката има солидна потврда за важноста на времето поминато во затвор, така што Елмер Џонсон (Elmer Johnson) наведува дека недостигот на работа доведува до морална и физичка деградација на затвореникот, а Милутиновиќ го нагласува морализирачкиот ефект на работата. Според неговото мислење, тоа е поважно од учење каков било занает, бидејќи може да се примени на секаков вид работа.[7]

Оттука, не изненадува фактот што работата е еден од најстарите методи на третман на осудените лица – нејзиното појавување се поклопува со периодот на појава на самите казнено-поправни установи.[8] Во текот на своето постоење, работата секогаш имала важна улога во третманот на затворениците, а денес се смета за примарен и најефективен метод на третман.[9]

Дефинирањето на улогата на работата како облик на третман во голема мера зависи од тоа на кој начин во пенитенцијарните системи се вреднува нејзиното значење за ресоцијализација на осуденото лице.

Во некои пенитенцијарни системи, работата е обврска на осуденото лице во текот на целото време на издржување на казната, во други системи, таа се третира како право и должност, а

4 *Ibid.*, член 17.

5 *Ibid.*, член 18.

6 *Ibid.*, член 19.

7 Milutinovic, Milan, *“Penologija – Nauka o izvrsenju krivicnih sankcija i resocijalizaciji osudenika”*, Savremena Administracija, 1981, Beograd, стр. 128.

8 Арнаудовски Љупчо (1998), *„Пенологија: наука за извршување на кривичните санкции“*, Скопје: Правен факултет, стр. 246.

9 Сулејманов, Зоран (1999), *„Пенологија“*, Скопје: Графохартија, стр. 171.

во трети, само како право, што значи дека осудените лица може да работат доколку сакаат, но немаат обврска да работат.

Како последица на ова постојат различни системи на наградување на работата на осудените лица. Во едни системи, на осудените лица им се исплатува надоместок за завршената работа во рамките на законските прописи. Во други системи, таа се дава како погодност, а во трети, осудените лица за својата работа не добиваат никаков надоместок.

Постојат разлики и во критериумите според кои се одредува висината на наградата: од симболична награда, преку исплатување дневници до надоместок за завршена работа според парче или вид на работа. Во повеќето европски земји е прифатена факултативна награда, а како критериуми се земаат: професионалната оспособеност, доброто однесување, а некаде се зема предвид и видот на казната.

Нашиот пенитенцијарен систем **ѝ** придава големо значење на работата како облик на третман на осудените лица и таа е одредена како право и обврска на осуденото лице. Осудените лица се распоредуваат на различни видови работа според способностите, организираноста и развиеноста на процесот на работа во установата и интересот на осудените лица.[10]

Понатаму во студијата накратко се анализирани меѓународните документи што се однесуваат на правата на затворениците, конкретно одредбите за работата како облик на третман на осудените лица, и тоа, Правилата на Нелсон Мандела (ПНМ) – ревидираните Стандардни минимални правила за постапување со затворениците и Европските затворски правила (ЕЗП), потоа, анализирана е работата на осудените лица според извршното казнено право на Република Северна Македонија, како и работниот ангажман на затворениците во казнено-поправните установи во Република Северна Македонија, фактичката состојба, проблемите и можните решенија.

[10] Арнаудовски, Љ./Груевска-Дракулевски, А. (2013), „Пенологија“ (прв и втор дел), Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2 Август С Штип, Скопје.

# 2. МЕЃУНАРОДНИ ДОКУМЕНТИ ШТО ЈА УРЕДУВААТ РАБОТАТА КАКО ОБЛИК НА ТРЕТМАН НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА

Работата на затворениците е прашање уредено со меѓународните документи што се занимаваат со правата на затворениците, како што се Правилата на Нелсон Мандела (ПНМ) – ревидираните Стандардни минимални правила за постапување со затворениците[11] и Европските затворски правила[12] (ЕЗП). Основните правила за работа во затвор се имплементирани во македонскиот Закон за извршување на санкциите, кој го прави современ закон.

Од големо значење е придонесот на Правилата на Нелсон Мандела и ЕЗП за прифаќање и спроведување на работата како форма на третман на затворениците во казнено-поправните установи. Тие предвидуваат препораки за тоа како да се спроведе и како да се реализира работата на затворениците.[13] Според овие документи, работата на затворениците треба да се заснова врз неколку основни принципи.[14]

Прво, работата на затворениците треба да биде интегрирана и да биде составен дел од националната економија на земјата. Овој принцип го потврдува принципот според кој работата на осудените лица треба да има иста социјална и етичка вредност како и работењето на слободен човек и дека работата на осуденото лице треба да се третира на ист начин како и работата на слободниот граѓанин. Затоа, работата во затворите треба да биде во согласност со способностите и можностите, карактеристиките, потребите и интересите на осуденото лице, а во рамките на можностите на казнено-поправната установа. Бидејќи постојат ограничени можности на казнено-поправните установи да ги задоволат потребите и интересите за одреден вид работа на сите затвореници, обврска на казнено-поправните установи е да бараат и да создаваат можности за задоволување на барањата и потребите на секој затвореник.

Вториот принцип се однесува на работата на затворениците како нивно право. Осудениот е лишен од слобода, но не и од работа, бидејќи тоа е основа на човековото постоење. Во сите казнено-поправни установи треба да им се обезбеди работа на осудените лица што се работоспособни.

Третиот принцип налага затворениците преку работата да обезбедат специјализирана и професионална обука што природно го надополнува општото образование. Како што е познато, истражувањето на затворската популација покажува дека најголемиот дел од затворениците немаат завршено општо образование, а уште помалку имаат професионални квалификации и занимање. За време на издржувањето на казната затвор, преку работата треба да се оспо-

---

[11] Standard Minimum Rules for the Treatment of Prisoners, Adopted by the First United Nations Congress on the Prevention of Crime and the Treatment of Offenders, held at Geneva in 1955, and approved by the Economic and Social Council by its resolutions 663 C (XXIV) of 31 July 1957 and 2076 (LXII) of 13 May 1977. The United Nations Standard Minimum Rules for the Treatment of Prisoners (Nelson Mandela Rules) adopted by the United Nations General Assembly on 17 December 2015. https://www.unodc.org/documents/justice-and-prison-reform/Nelson_Mandela_Rules-E-ebook.pdf. Пристапено на 21.4.2024 година.

[12] Council of Europe, Committee of Ministers, Recommendation Rec (2006)2 of the Committee of Ministers to member states on the European Prison Rules (Adopted by the Committee of Ministers on 11 January 2006 at the 952nd meeting of the Ministers' Deputies). https://rm.coe.int/european-prison-rules-978-92-871-5982-3/16806ab9ae. Пристапено на 21.4.2024 година.

[13] Cornil, P., *Le travail penitentiaire*. cit. in Арнаудовски, Љ. и Груевска-Дракулевски А. (2011) *„Закон за извршување на санкциите: интегрален текст со предговор, кратки објаснувања и регистар на поимите со прилози“*, Скопје: „Студиорум“ – Центар за регионални истражувања и соработка.

[14] Арнаудовски, Љ. и Груевска-Дракулевски А. (2011), *„Закон за извршување на санкциите: интегрален текст со предговор, кратки објаснувања и регистар на поимите со прилози“*, Скопје: „Студиорум“ – Центар за регионални истражувања и соработка.

собат и да стекнат дополнителни стручни квалификации под исти услови како работниците и граѓаните на слобода и да им се издаде соодветна диплома.

Современата казнена теорија и практика, како и Правилата на Нелсон Мандела и ЕЗП, инсистираат работата во казнено-поправните установи да се организира под исти услови како што е организирана работата на слобода. Овој принцип поставува две барања: прво, обезбедено работно време и работни услови, безбедност и здравствени услови. Второ, организацијата на работата, техничко-технолошката опрема и средствата за работа да се вршат под исти услови како на слобода. На тој начин, работата на осудените добива карактер на општествено корисна работа и ги исполнува другите услови за нејзино интегрирање во националната економија со цел да обезбеди соодветен квалитет. Под овие услови, работата на затворениците нема да биде понижувачка; затвореникот нема да има чувство на принуда, рамнодушност и апатија.[15] Само ваквата работа може да го ресоцијализира осуденото лице, може да стекне работни навики и да се оспособува за општествено корисна работа за вршење општествено корисен живот без принуда и репресија.[16]

Конечно, Правилата на Нелсон Мандела го нагласуваат принципот на обезбедување правична награда за трудот на осудените лица. При примена на овој принцип, во современите казнено-поправни системи се појавуваат два тренда. Се инсистира на финансиските ефекти од работата. Се смета дека исплатливоста на работата мора да биде врвен принцип на работната терапија и основа за компензација на трудот. Оваа тенденција има позитивни елементи бидејќи профитабилноста го олеснува државниот буџет за финансирање на казнено-поправните установи. Но, содржи и големи опасности во две насоки: прво, посветеноста на максимизирање на осуденичката работа и, второ, што е поважно, можноста да се потиснат поправните ефекти од работата на затворениците.[17] Другата тенденција го фаворизира едукативниот и рехабилитациониот ефект на работата на затворениците. Надоместокот за работа на осудените лица треба да има карактер на поттик, награда за заложбата, со крајна цел – ресоцијализација на затвореникот.[18]

Да сумираме, сосема е јасно дека во современиот казнено-поправен систем, работата како облик на третман е од големо значење. Затоа, Правилата на Нелсон Мандела и ЕЗП ја нагласуваат важноста на работата на затворениците за нивна успешна ресоцијализација. Оттука, во различни казнено-поправни системи се појавуваат прилично големи разлики во примената на овие принципи како последица на основниот пристап на дефинирање на целите на казнувањето, различните карактеристики на казнено-поправните системи и условите за нивна примена. Исто така, од големо значење е дали работата на затворениците е организирана од приватен изведувач, бидејќи во овие земји постои тенденција за максимизирање на искористувањето на трудот на затворениците. Поради овој факт, Правилата на Нелсон Мандела, спротивно на ЕЗП, нагласуваат дека, по можност, институционалните индустрии и фарми треба да бидат управувани директно од администрацијата, а не од приватни изведувачи.

15 Член 97, Правила на Нелсон Мандела.

16 Арнаудовски, Љ. и Груевска-Дракулевски А. (2011), *„Закон за извршување на санкциите: интегрален текст со предговор, кратки објаснувања и регистар на поимите со прилози“*, Скопје: „Студиорум“ – Центар за регионални истражувања и соработка.

17 Pinatel, J., *Méthodes moderns de traitement pénitentiaire*, 1957, p. 127-128, 125-132 cit. in Арнаудовски, Љ. и Груевска-Дракулевски А. (2011), *„Закон за извршување на санкциите: интегрален текст со предговор, кратки објаснувања и регистар на поимите со прилози“*, Скопје: „Студиорум“ – Центар за регионални истражувања и соработка.

18 *Ibid.*

## 2.1 Стандардни минимални правила за постапување со затворениците (Правила на Нелсон Мандела)

Во однос на работата на затворениците, Правилата на Нелсон Мандела предвидуваат дека работата на затворениците не смее да биде мачна. Сите затвореници треба да работат во зависност од нивната физичка и ментална подготвеност, како што е определено од медицинскиот службеник. Треба да се обезбеди доволно работа што ќе биде од корист со цел затворениците да бидат активно ангажирани во текот на еден вообичаен работен ден. Колку што е можно, обезбедената работа треба да биде таква што ќе ја одржува или ќе ја зголеми способноста на затворениците да заработат за чесен живот по ослободувањето. Треба да се обезбеди стручна обука за корисни занаети за затворениците што може да профитираат од тоа, а особено за младите затвореници. Во рамките на границите што се компатибилни со правилната професионална селекција и со барањата на институционалната администрација и дисциплина, затворениците треба да може да го изберат видот на работата што сакаат да ја вршат.[19]

Организацијата и методите на работа во институциите, колку што е можно повеќе, треба да наликуваат на оние со слична работа надвор од институциите, со цел затворениците да се подготват за условите на нормален професионален живот. Интересите на затворениците и нивната стручна обука, сепак, не смее да бидат подредени на целта за остварување финансиски профит од индустријата во институцијата.[20]

По можност, институционалните индустрии и фарми треба да бидат управувани директно од администрацијата, а не од приватни изведувачи. Кога затворениците се вработени за работни задачи што не се контролирани од администрацијата, тие секогаш треба да бидат под надзор на персоналот од институцијата. Освен ако работата не е за други оддели на владата, целосната нормална плата за таквата работа треба да ѝ биде исплатена на администрацијата од лицата на кои им се обезбедува трудот, земајќи го предвид резултатот на затворениците.[21]

Мерките на претпазливост пропишани за заштита на безбедноста и здравјето на слободните работници треба еднакво да се почитуваат во институциите. Треба да се донесе одредба за обесштетување на затворениците од индустриски повреди, вклучително и професионални болести, под услови не помалку поволни од оние што со закон се пропишуваат за слободните работници.[22]

Максималното дневно и неделно работно време на затворениците треба да биде утврдено со закон или со административна регулатива, земајќи ги предвид локалните правила или обичаи во однос на вработувањето слободни работници. Така, одредените часови оставаат еден ден за одмор во неделата и доволно време за едукација и други активности што се потребни како дел од третманот и рехабилитацијата на затворениците.[23]

Треба да постои систем на правично наградување за работата на затворениците. Според системот, на затворениците треба да им биде дозволено да потрошат барем дел од својата заработка на одобрени артикли за нивна сопствена употреба и дел од заработката да му ја пратат на своето семејство. Системот, исто така, треба да предвиди дел од заработката да се одвои од страна на администрацијата за да се создаде штеден фонд што ќе му се предаде на затвореникот по неговото ослободување.[24]

19 Членови 96-98, Правила на Нелсон Мандела.
20 *Ibid.*, член 99.
21 *Ibid.*, член 100.
22 *Ibid.*, член 101.
23 *Ibid.*, член 102.
24 *Ibid.*, член 103.

## 2.2 Европски затворски правила

ЕЗП ја регулираат работата на затворениците во правилото 26.[25] Според ЕЗП, на работата во затворот треба да се пристапува како на позитивен елемент на затворскиот режим и никогаш да не се користи како казна. Затворските власти треба да се трудат да обезбедат доволно работа што ќе биде од корист. Колку што е можно, дадената работа треба да биде таква што ќе ја одржи или ќе ја зголеми способноста на затворениците да заработат за живот по ослободувањето. Не треба да има дискриминација врз основа на пол во видот на дадената работа. Работата што опфаќа стручна обука треба да се обезбеди за затворениците што може да имаат корист од тоа, а особено за младите затвореници. Затворениците може да го изберат типот на вработување во кое сакаат да учествуваат во рамките на она што е достапно, соодветна професионална селекција и барања за добар ред и дисциплина. Организацијата и методите на работа во институциите треба да наликуваат, колку што е можно повеќе, на оние со слична работа во заедницата, со цел затворениците да се подготват за условите на нормален професионален живот.

Иако стремежот кон финансиски профит од индустриите во институциите може да биде вреден за подигнување на стандардите и за подобрување на квалитетот и релевантноста на обуката, интересите на затворениците не треба да бидат подредени на таа цел. Работата на затворениците треба да ја обезбедуваат затворските власти, или самите или во соработка со приватни изведувачи, внатре или надвор од затворот. Во сите случаи треба да има правичен надоместок за работата на затворениците. На затворениците треба да им биде дозволено да потрошат барем дел од својата заработка на одобрени артикли за сопствена употреба и дел од заработката да им ја распределат на своите семејства.

Затворениците може да бидат охрабрени да заштедат дел од својата заработка, која ќе им биде предадена по ослободувањето или ќе се користи за други одобрени цели. Здравствените и безбедносните мерки на претпазливост за затворениците соодветно ги заштитуваат и не треба да бидат помалку ригорозни од оние што важат за работниците надвор. Треба да се донесе одредба за обесштетување на затворениците од индустриски повреди, вклучително и професионални болести под услови не помалку поволни од оние што ги проширува националното законодавство за работниците надвор. Максималното дневно и неделно работно време на затворениците треба да биде утврдено во согласност со локалните правила или обичаите што го регулираат вработувањето на слободните работници. Затворениците треба да имаат најмалку еден ден за одмор во неделата и доволно време за едукација и други активности. Колку што е можно, затворениците што работат треба да бидат вклучени во националните системи за социјално осигурување.

[25] В. Правило 26 (1-17), ЕЗП.

# 3. РАБОТАТА НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА СПОРЕД ИЗВРШНОТО КАЗНЕНО ПРАВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Работата на осудените лица како облик на третман е уредена со Законот за извршување на санкциите (ЗИС) и подзаконските акти. ЗИС целосно ги има инкорпорирано одредбите од меѓународните документи што се занимаваат со правата и положбата на затворениците, следствено и со работата на осудените лица. Оттука, со право може да констатираме дека ЗИС има карактер на современ закон. Понатаму во студијата накратко се осврнуваме на актуелната регулатива во однос на прашањето за работата како облик на третман согласно извршното казнено право на РСМ.

Работата како облик на третман во литературата, но и во практиката се покажува како најзначаен облик на третман за постигнување успешна ресоцијализација и реинтеграција на осудените лица назад во општеството, што всушност претставува основна цел на извршување на казната затвор. Секако дека не се за занемарување ни останатите облици на третман: образование на осудени лица; образование на осудени лица по занимање; морално-етичко воспитување и осуденичко самоорганизирање; слободни активности, спорт и рекреација на осудени лица. Сепак, најголемо внимание се посветува на работниот ангажман на затворениците.

Осудените лица работат сообразно со своите физички и психички способности што ги утврдува лекарот на установата. При определувањето на работното ангажирање, имајќи ги предвид можностите на установата, ќе се води сметка и за желбата на осуденото лице за вршење определени работи.[26]

Работата на осудените лица, по правило, се организира и се врши во установата.[27] Работно ангажираните осудени лица во установата може да вршат работи од областа на земјоделството, сточарството, работи во работилници од различен вид, одржување на зелените површини, одржување на хигиената во службените простории, пералницата, кујната, магацините, парното греење и слично.[28]

Во зависност од работата што ја извршуваат, на осудените лица што се работно ангажирани им се обезбедуваат работна облека и потребни средства за заштита при работа. Сите осудени лица што се работно ангажирани се задолжени со работната облека, алатот и другите средства за работа, за кои се води посебна евиденција.[29]

Осудените лица се должни одговорно и совесно да ги извршуваат работните задачи што им се дадени. При извршувањето на работните задачи, осудените лица се должни да постапуваат според упатствата и дадениот налог од службените лица. Осудените лица што се работно ангажирани се должни грижливо да ги чуваат и да ги одржуваат средствата, опремата и алатите со кои работат. За секое намерно или оштетување со крајно невнимание на средствата за работа, штетата се надоместува од страна на осуденото лице согласно правилата за надоместување

[26] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24), член 164.

[27] *Ibid.*, член 165 став 1.

[28] Куќен ред за осудените лица што издржуваат казна затвор во казнено-поправна установа, јуни 2020 година, Министерство за правда, Управа за извршување санкции, член 27.

[29] *Ibid.*, член 29.

материјална штета од Законот за облигационите односи.[30]/[31]

Во затворените одделенија на установите, во зависност од потребите и можностите во установата, осудените лица може да бидат работно ангажирани во просториите во кои се сместени.[32]

Осудените лица со третман на отворено одделение може да работат и надвор од установата. Осудените лица со третман на полуотворено одделение може да работат повремено и под надзор во правни лица и други институции, доколку се обезбедени услови за извршување на казната затвор определени со овој закон и доколку се обезбедени минимални технички услови за работа. Осудени лица што започнале со користење погодности надвор од установата може да бидат работно ангажирани на работни места што се надвор од кругот на установата, а кои се во составот на самата установа. Лицето осудено на казна затвор до шест месеци за кривично дело што не е поврзано со природата на работата може во текот на работното време да работи во правното лице каде што работело пред издржувањето на казната. Согласност за работа на осудените лица, надвор од установата, им дава директорот на Управата, а по добиената согласност, директорот на казнено-поправната установа склучува договор со правното лице, односно институцијата и му обезбедува писмена согласност на осуденото лице.[33]

По претходно доставен предлог од секторот за ресоцијализација, директорот на установата одлучува за работното ангажирање на осуденото лице, распоредувањето на работно место, видот на работните задачи што треба да ги извршува осуденото лице, почетокот и завршувањето на работното време. Осуденото лице може да биде работно ангажирано надвор од установата, односно да биде работно ангажирано кај работодавач или да врши сопствена дејност доколку се исполнети условите од Законот за извршување на санкциите и Упатството за условите, начинот и постапката за работно ангажирање осудено лице надвор од установата.[34]

**Работно ангажирање осудено лице надвор од установата.** Условите, начинот и постапката според кои осудено лице што издржува казна затвор може да биде работно ангажирано надвор од установата се пропишани со Упатство за условите, начинот и постапката за работно ангажирање осудено лице надвор од установата.[35]

***Услови според кои осудено лице што издржува казна затвор може да биде работно ангажирано надвор од установата***. Осудено лице може да биде работно ангажирано надвор од установата, односно да биде работно ангажирано кај работодавач или да врши сопствена дејност доколку:

- има согласност од осуденото лице да биде работно ангажирано надвор од установата;
- осуденото лице на кое му е изречена казна затвор над шест месеци да има издржано најмалку 30 дена по извршената класификација во отворено одделение или веднаш по прогресирањето во отворено одделение;

[30] В. Закон за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/01, 04/02, 05/03, 84/08, 81/09, 161/09 и 123/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21 и 154/23)

[31] Куќен ред за осудените лица што издржуваат казна затвор во казнено-поправна установа, јуни 2020 година, Министерство за правда, Управа за извршување санкции, член 30.

[32] *Ibid.*, член 28.

[33] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24), член 165 став 2-5.

[34] Куќен ред за осудените лица што издржуваат казна затвор во казнено-поправна установа, јуни 2020 година, Министерство за правда, Управа за извршување санкции, член 26.

[35] Упатство за условите, начинот и постапката за работно ангажирање осудено лице надвор од установата (јуни 2020 година), член 1 и Упатство за изменување и дополнување на Упатството за условите, начинот и постапката за работно ангажирање осудено лице надвор од установата (март 2023 година).

- на осудено лице му е изречена казна затвор до шест месеци веднаш по извршената класификација во отворено одделение или веднаш откако осуденото лице прогресирало во отворено одделение;

- остатокот од казната затвор да изнесува најмногу три години за примарни сторители на кривично дело и за лица претходно осудувани на казна затвор;

- осуденото лице има добра здравствена состојба, добро поведение, изградено чувство на одговорност и го почитува куќниот ред на установата;

- природата на работата што ќе ја извршува осуденото лице надвор од установата да не биде поврзана со стореното кривично дело и

- против осуденото лице не се води друга кривична постапка и

- адресата каде што осуденото лице ги извршува работните задачи во правното лице – работодавач да биде оддалечена од казнено-поправната установа најмногу до 40 километри.[36]

***Начин и постапка според кои осудено лице што издржува казна затвор може да биде работно ангажирано надвор од установата.*** Согласност за работа надвор од установата дава директорот на Управата за извршување санкции врз основа на:

- барање од правно лице или институција за работно ангажирање на осуденото лице, во кое се наведува видот на работното место каде што ќе биде работно ангажирано осуденото лице и местото каде што ќе ги извршува работните задачи или доказ за извршување на сопствената дејност и местото каде што ќе ја извршува дејноста;

- податоци за адресата на работодавачот на местото на кое осуденото лице ќе ги извршува работните задачи и оддалеченоста на работодавачот од казнено-поправната установа;

- изјава од осуденото лице дека се согласува да биде работно ангажирано надвор од установата и дека доколку биде работно ангажирано, ќе се воздржува од сторување каков било вид кривично дело;

- податоци за видот на кривичното дело, висината на изречената казна затвор, почетокот и истекот на казната затвор, податоци за поранешна осудуваност и дали против осуденото лице се води друга постапка или му е изречена друга казна затвор;

- мислење од стручниот тим на установата за степенот на реализација на индивидуалната програма за третман, податоци од извршената процена на ризик, извештај од здравствената состојба, податоци за дисциплинска одговорност на осуденото лице.[37]

Документацијата се поднесува до директорот на Управата за извршување санкции преку директорот на установата во која осуденото лице ја издржува казната затвор. Директорот на Управата за извршување санкции ги испитува наводите во поднесената документација и донесува одлука во рок од осум работни дена од денот на нејзиниот прием.[38]

---

36 *Ibid.*, член 2.

37 *Ibid.*, член 3.

38 *Ibid.*, член 4.

Договорот за работно ангажирање на осуденото лице надвор од установата го потпишува директорот на установата по претходна согласност на директорот на Управата за извршување санкции. Еден примерок од Договорот се доставува до Управата за извршување санкции поради евиденција.[39]

Договорот за работно ангажирање на осуденото лице надвор од установата, покрај општите одредби, треба да содржи и одредби за: работното место и детален опис на работните задачи на осуденото лице; местото и адресата каде што осуденото лице ќе ги извршува работните задачи; денови во месецот во кои ќе се извршува работата, односно дејноста; работно време на осуденото лице, но не подолго од 40 часа неделно; висина на месечен паричен надоместок; број на жиро-сметка на договорните страни; обврска на правното лице или институцијата еднаш месечно да доставува извештај за однесувањето на осуденото лице на работното место каде што е ангажирано, за исполнувањето на работните задачи и за редовноста на работното место и околностите под кои ќе се раскине договорот за работно ангажирање на осуденото лице.[40]

Директорот на установата е должен да формира Комисија за контрола на осудените лица на работните места на кои се ангажирани. Комисијата е од променлив состав од тројца членови што се избираат секој месец од страна на директорот на установата. Комисијата е должна да врши контрола на работно ангажираните осудени лица најмалку двапати месечно.[41]

Комисијата е должна да изготвува месечен извештај за извршените контроли, кој го доставува до директорот на установата. Месечниот извештај за извршени контроли треба да содржи податоци за правното лице – работодавач каде што е извршена контролата и име и презиме на осуденото лице што е работно ангажирано, податоци за тоа дали осуденото лице го почитува работното време каде што е ангажирано, исполнувањето на работните задачи и редовноста на работното место. Месечниот извештај се доставува и до Управата за извршување санкции до 10-ти во тековниот месец за претходниот месец поради евиденција.[42]

Договорот за работно ангажирање на осуденото лице надвор од установата ќе се раскине доколку: против осуденото лице е изречена дисциплинска казна за потежок дисциплински престап или е покрената кривична постапка; не се почитуваат договорните обврски на осуденото лице или од страна на правното лице, односно институцијата; осуденото лице не биде пронајдено на работното место при вршење контрола од страна на Комисијата или при надзор од страна на службени лица од Управата за извршување санкции, и правното лице или институцијата каде што е работно ангажирано осуденото лице не доставува месечен извештај согласно чл. 6 став 1 алинеја 7 од ова упатство или оневозможува да се спроведе контрола од страна на Комисијата или при надзор од страна на службени лица од Управата за извршување санкции.[43]

[39] *Ibid.*, член 5.
[40] *Ibid.*, член 6.
[41] *Ibid.*, член 7.
[42] *Ibid.*, член 8.
[43] *Ibid.*, член 9 и 10.

**Работно време на осудените лица.** Полното работно време на осудените лица е 40 часа неделно. По исклучок, полното работно време на осудените лица може да трае и повеќе од 40 часа неделно, во случаите и под условите определени со закон. Надвор од полното работно време, осудените лица може да работат најмногу до два часа дневно на работи потребни за одржување на хигиената и на други тековни работи неопходни за нормален живот во установата. На осудените лица што посетуваат настава по основно или средно образование им се скратува траењето на полното работно време.[44]

**Право на надоместок за работата.** Осудените лица имаат право на надоместок за работата. Висината на надоместокот се определува во зависност од видот, количеството и квалитетот на производот и на работата што ја остварило осуденото лице, неговата острученост за извршување на тој вид работа, ангажираноста во работата и придонесот за намалување на трошоците во производството. За надоместокот и наградите за работа на осудените лица не се плаќаат данок и други придонеси.[45]

Со **Правилникот за определување на надоместокот и наградата за работа на осудените лица, како и за лицата што без своја вина не работат** се определуваат надоместокот и наградата за работа на осудените лица, како и за лицата што без своја вина не работат и им се обезбедуваат најнеопходни средства за задоволување на личните потреби.[46]

При утврдувањето на бруто-добивката, како расходи ќе се сметаат и расходите направени во врска со дополнителната исхрана и хигиена, облека и превоз до и од работа на осудените лица, надоместокот и наградата, како и другите расходи за осудените лица што се во функција на процесот на работата.[47]

На осудените лица што работат, еднаш месечно им се исплаќа аконтација на надоместокот за извршената работа. Висината на аконтација на надоместокот се утврдува врз основа на сложеноста и одговорноста на работното место.[48]

Висината на месечната аконтација на надоместокот се зголемува, односно се намалува во зависност од степенот на остварувањето на планираното производство, односно работа, како и од другите критериуми што служат за утврдување на висината на надоместокот. Во зависност од ангажираноста во работата, придонесот во намалувањето на трошоците на работењето и квалитетот на извршената работа, основата на месечната аконтација се зголемува, односно се намалува до 25 % од основицата на просечно остварениот надоместок за работа.[49]

Од надоместокот за работа, осуденото лице може да искористи 70 % за задоволување на личните потреби, а остатокот од 30 % се чува како депонирани средства во установата и му се предава на осуденото лице при отпуштањето од издржувањето на казната или, пак, по негово барање во текот на издржувањето на казната, му се дава на неговото семејство.[50]

44 Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24), член 166.

45 *Ibid.*, член 167.

46 Правилник за определување на надоместокот и наградата за работа на осудените лица, како и за лицата што без своја вина не работат („Службен весник на Република Македонија“ бр. 99/19 и 220/19), член 1.

47 *Ibid.*, член 3.

48 *Ibid.*, член 4.

49 *Ibid.*, член 5.

50 Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24), член 169. Куќен ред за осудените лица што издржуваат казна затвор во казнено-поправна установа, јуни 2020 година, Министерство за правда, Управа за извршување санкции, член 31.

Награда добиваат осудените лица што постигнуваат особени резултати во работата и со својот однос кон работата позитивно влијаат врз работното ангажирање на другите осудени лица.[51]

На осудените лица што оствариле право на непрекинат одмор им се исплатува надоместок за работа во висина од просечниот надоместок остварен во претходните единаесет месеци.[52]

Осудените лица што без своја вина се времено неспособни за работа поради болест имаат право на надоместок од средствата остварени од работа на осудените лица, со соодветна примена на општите прописи за здравствено осигурување.[53] На овие лица, установата им ги обезбедува најнеопходните средства за задоволување на личните потреби.[54]

**Право на интелектуална сопственост на осудените лица.** За пронајдоци и технички унапредувања остварени во текот на издржувањето на казната, на осудените лица им припаѓаат правата според општите прописи.[55]

**Право на годишен одмор на осудените лица.** Осудените лица што за време на издржувањето на казната работеле повеќе од шест месеци, вклучувајќи го и времето за лекување поради повреда на работа или професионална болест, имаат право на непрекинат одмор во текот на една година според општите прописи. Доколку не е определено поинаку, одморот се користи во посебни простории на установата. Престојот во овие простории во текот на годишниот одмор треба да биде организиран така што ќе му овозможува опуштање, рекреација и одмор на осуденото лице. За време на користењето на одморот, осуденото лице прима надоместок за работа како да работел.[56]

**Просторни и минимални технички услови за заштита при работа на осудените лица.** Просториите и работилниците во кои работат осудените лица современо се опремуваат. При организирањето на просториите и работилниците се води сметка за еколошка заштита на животната средина, на земјиштето, воздухот и водите од секаков вид загадување.[57]

[51] Правилник за определување на надоместокот и наградата за работа на осудените лица, како и за лицата што без своја вина не работат („Службен весник на Република Македонија“ бр. 99/19 и 220/19), член 6.

[52] *Ibid.*, член 7.

[53] В. Закон за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/00, 34/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16, 171/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 77/21, 285/21, 60/23, 154/23 и 209/23).

[54] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24), член 166. Правилник за определување на надоместокот и наградата за работа на осудените лица, како и за лицата што без своја вина не работат („Службен весник на Република Македонија“ бр. 99/19 и 220/19), член 8.

[55] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24), член 170. В. Закон за авторското право и сродните права („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/10, 140/10, 51/11, 147/13, 154/15 и 27/16) и В. Закон за индустриската сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 21/09, 24/11, 12/14, 41/14, 152/15, 53/16, 83/18 и 31/20).

[56] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24), член 171. Куќен ред за осудените лица што издржуваат казна затвор во казнено-поправна установа, јуни 2020 година, Министерство за правда, Управа за извршување санкции, член 32. В. Закон за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), член 137–139.

[57] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24), член 172. В. Закон за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/2005, 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009 и 48/2010) и В. Закон за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21).

Осудените лица користат минимални технички услови за заштита при работа според општите прописи.[58]

**Право на инвалидско осигурување за несреќа на работното место или професионална болест на осудените лица.** Осудените лица имаат право на инвалидско осигурување за несреќа на работното место или професионална болест (в. член 122, ЗИС).[59]

[58] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24), член 172. В. Закон за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15 и 30/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 18/20) и В. Закон за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), член 32 и 42.

[59] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24), член 172. В. Закон за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22 и 79/23) и В. Закон за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), член 32 и 42.

# 4. ЕМПИРИСКИ ДЕЛ

## Работно ангажирање на осудените лица во казнено-поправните установи во Република Северна Македонија

Регулативата за работата како облик на третман на осудените лица согласно извршното казнено право на нашата држава е целосна и комплементарна со меѓународните документи што се однесуваат на правата и положбата на осудените лица. Сепак, во пракса одредбите не се имплементираат докрај доследно. Оттука, во пенитенцијарната практика, казнено-поправните установи се соочуваат со одредени проблеми во имплементацијата и спроведувањето на работата како најзначаен облик на третман на затворениците во насока на нивна успешна ресоцијализација и реинтеграција назад во општеството.

Со цел да ја согледаме реалната состојба на терен и за да се изведат соодветни заклучоци и да се дадат релевантни препораки за унапредување на анализираната проблематика за работно ангажирање на осудените лица, побарани се податоци од сите казнено-поправни установи (КПУ) преку Управата за извршување санкции (УИС).[60]

Нагласуваме дека добиените податоци не се унифицирани, односно не е следена иста методологија на собирање и доставување податоци. Исто така, користени се и достапните годишни извештаи на УИС за состојбата и работењето на КПУ и ВПУ во РСМ. Сепак, достапните податоци се систематизирани и од нивната анализа произлегоа одредени заклучоци, констатации, предлози и препораки.

Понатаму во студијата ги претставуваме резултатите сумарно за сите КПУ и за секоја КПУ одделно. Сметаме дека поради методолошки ограничувања на прибрани податоци, некои од податоците треба да се интерпретираат внимателно и дополнително да се потврдат при идно истражување. Исто така, се препорачува КПУ во иднина да водат унифицирана статистика за работното ангажирање на осудените лица. За таа цел, предлагаме УИС да изготви унифициран статистички прашалник што би го пополнувале казнено-поправните установи за секоја тековна година.

Од анализираните податоци за периодот 2019-2023 година може да се заклучи дека од вкупниот просечен број затвореници што издржувале казна затвор во сите КПУ, 2022, во просек, 255 осудени лица биле работно ангажирани во установите, а, во просек, 17 осудени лица биле работно ангажирани надвор од КПУ. Односно, во просек, 67 % од осудените лица што издржувале казна затвор во КПУ во анализираниот период биле работно ангажирани. Во некои КПУ, тој процент се движи од 25 % работна ангажираност на осудените лица, а некои КПУ покажуваат 100 % работна ангажираност на осудените лица.

Сметаме дека овие податоци треба да се земат со резерва со оглед на фактот што во из-

[60] До УИС е доставено барање за следниве податоци: за работниот ангажман на затворениците во казнено-поправните установи во изминатите години, најмалку за период од последни 5 години (2019-2023). И тоа, колку од затворениците биле работно ангажирани во рамките на установите, на кои работни места, дали и колку им е исплатен надоместок. Потоа, колку затвореници биле ангажирани надвор од установата. Најчесто со кои правни лица и од кои сектори се склучуваат договори за работен ангажман на затворениците. Дали КПУ имаат информации, дали по издржана казна затвор, затворениците што биле работно ангажирани го задржале работниот ангажман во правните лица и сл.

вештаите на Комитетот за превенција од тортура (КПТ),[61] како и извештаите на Националниот превентивен механизам (НПМ),[62] се истакнува дека еден од клучните проблеми со кои се соочуваат нашите КПУ е работниот (не)ангажман на осудените лица. Имено, се истакнува дека состојбата во однос на работата на осудените лица е **прилично неповолна. Се истакнува значењето на работниот ангажман на осудените лица како значаен фактор во прилог на ресоцијализацијата.** ***„Единствено на осудените лица со поблаг режим на третман (полуотворен или отворен третман) им се обезбедува преку работа за да се здобиваат и да ги развиваат работните навики и да се стекнуваат со стручно знаење за работа на слобода... Во поголемиот дел од казнено-поправните установи, осудените лица од затворените одделенија не се работно ангажирани...(што)*** *може да влијаат контрапродуктивно во процесот на ресоцијализација.“*[63/64]

**Поради неизедначената методологија на евидентирање и следење на бројот на работно ангажирани лица, податоците за одредени КПУ треба да се земат со резерва. Понатаму во студијата се презентирани податоците за секоја КПУ одделно. Целосниот преглед за работната ангажираност на осудените лица по КПУ е даден во Анексот кон оваа студија.**

## 4.1 КПД Идризово

Во КПД Идризово во анализираниот период (2019-2023), во просек, биле работно ангажирани 2 626 осудени лица во установата, а надвор од установата, во просек, биле работно ангажирани 41 осудено лице. Споредено со вкупниот број осудени лица што биле на издржување казна затвор во анализираниот период, податоците покажуваат дека сите затвореници биле работно ангажирани. Овие податоци треба да се земат со резерва, бидејќи согласно извештаите на релевантни меѓународни и домашни институции, бројот на работно ангажирани осудени лица е многу помал, особено за осудените лица што се класифицирани со третман во затворено одделение.

Затворениците биле ангажирани на следниве работни места: пекарница, трпезарија, општа група, сервис, бензинска пумпа, градежна група, електроиндустрија, косење, сточарство, домска амбуланта, амбуланта, компјутерски центар, курирска дејност, правна служба, видувална, парк, парно и хидрофор, кучкарник, централна кујна.

[61] https://www.coe.int/mk/web/cpt/north-macedonia, пристапено на 24.4.2024 година.

[62] https://ombudsman.mk/%D0%9F%D0%BE%D1%87%D0%B5%D1%82%D0%BD%D0%B0/%D0%9D%D0%9F%D0%9C/%D0%98%D0%97%D0%92%D0%95%D0%A8%D0%A2%D0%90%D0%98/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%BD%D0%B8.aspx, пристапено на 24.4.2024 година.

[63] Council of Europe, CPT/Inf (2021) 8, Report to the authorities of North Macedonia on the visit to North Macedonia carried out by the European Committee for the Prevention of Torture and Inhuman or Degrading Treatment or Punishment (CPT) from 2 to 10 December 2019. https://rm.coe.int/1680a26b8f, пристапено на 24.4.2024 година.

[64] На пример, согласно Извештајот на Комитетот за превенција од тортура од 2019 година, во КПД Идризово, само 91 од 573 затвореници (16 %) во затвореното одделение биле работно ангажирани, и тоа, претежно на работи за дистрибуција на храна, пекарница и амбуланта, како и за различни задачи за одржување. Од друга страна, состојбата на 48 затворенички во КПД Идризово била малку поповолна, бидејќи 35 (73 %) работеле во времето на посетата на КПТ, како помошнички во кујна, хигиеничарки, во пералницата и сл. Во Затвор Куманово, сите 60 затвореници што биле сместени во полуотвореното одделение биле работно ангажирани. Сепак, неколкумина затвореници ѝ кажаа на делегацијата дека биле принудени да работат долги часови ископувајќи го блискиот резервоар за вода со локалната компанија под закана дека нема да добијат отсуство како погодност. Понатаму, тие се пожалиле дека не им се исплаќале дополнителните часови што биле принудени да ги работат. Во Затвор Скопје и КПД Штип, на затворениците класифицирани во отворено и полуотворено одделение им бил понуден работен ангажман, но не и на затворениците класифицирани во затвореното одделение. 107 затвореници од полуотвореното одделение во КПД Штип работеле во локалната фарма во близина на установата. Ibid.

На затворениците им бил исплаќан месечен надоместок во износ од 350 до 3 500 денари во зависност од работното место и работните задачи.

Затворениците што биле ангажирани надвор од установата, работеле во правни лица од услужна и производна дејност со кои установата имала склучено договори.

Од установата немаат податоци дали по издржана казна затвор, затворениците што биле работно ангажирани го задржале работниот ангажман во правните лица.

## 4.2 КПД Штип

Во КПД Штип во анализираниот период (2019-2023), во просек, биле работно ангажирани 49 осудени лица во установата, а надвор од установата, во просек, биле работно ангажирани 8 осудени лица. Споредено со вкупниот број осудени лица што биле на издржување казна затвор во анализираниот период, околу 25 % од затворениците биле работно ангажирани.

Осудените лица биле ангажирани на следниве работни места: магацин, котларница, работилница, изнесување смет, резбарство, берберница, шивалница, фарма, земјоделство, одржување паркови и зеленило, канализација, одржување хигиена во затворска училница, библиотека, затворска пералница, одржување канализациска мрежа, одржување хигиена во амбуланта, затворска кујна, затворска пекарница, управна зграда, бифе за вработени, работа со машина за чистење. Најголем број биле ангажирани во затворската кујна и во пекарницата.

За работниот ангажман на осудените лица им бил исплаќан надоместок во износ од 400 до 1 000 денари во зависност од работната позиција, односно, во просек, исплаќан бил месечен надоместок во износ од 425 денари.

Затворениците што биле ангажирани надвор од установата, ангажирани биле во земјоделска задруга, фирма од областа на монтажа и демонтажа на базени за пливање и фирма за преработка на производи од гума. Од установата немаат податоци дали по издржана казна затвор, затворениците што биле работно ангажирани го задржале работниот ангажман во правните лица.

## 4.3 КПД Прилеп

Во КПД Прилеп во анализираниот период (2019-2023), во просек, биле работно ангажирани 34 осудени лица во установата, а надвор од установата, во просек, биле работно ангажирани 11 осудени лица. Споредено со вкупниот број осудени лица што биле на издржување казна затвор во анализираниот период, околу 47 % од затворениците биле работно ангажирани.

Осудените лица биле ангажирани на следниве работни места: земјоделство, сточарство, браварска работилница, кујна, машинска работилница и други работи.

За работниот ангажман на осудените лица им бил исплаќан надоместок во просечен месечен износ од 848 денари.

Затворениците што биле ангажирани надвор од КПУ, ангажирани биле во: прехрана, лима-

ро-фарбарски сервис, градежен сектор, ролетарство, земјоделство, изработка на иверица, дрвна индустрија, металопреработувачка индустрија.

По издржана казна затвор, затворениците што биле работно ангажирани го задржале работниот ангажман во правните лица, и тоа: во 2019 година, едно осудено лице за изработка на ролетни; во 2020 година, три осудени лица: едно за изработка на ролетни, две во градежниот сектор; во 2021 година, две осудени лица во градежниот сектор; во 2022 година, две осудени лица: едно во прехранбениот сектор, едно во градежниот сектор и во 2023 година, едно осудено лице во градежниот сектор. Иако бројот на лица што го задржале работниот ангажман и по издржана казна затвор е мал, сепак е значаен за овие лица во насока на остварување успешна ресоцијализација и реинтеграција назад во заедницата.

## 4.4 КПД Струга

Во КПД Струга во анализираниот период (2019-2023), во просек, биле работно ангажирани 5 осудени лица во установата, а надвор од установата, во просек, биле работно ангажирани 15 осудени лица. Споредено со вкупниот број осудени лица што биле на издржување казна затвор во анализираниот период, околу 29 % од затворениците биле работно ангажирани.

Тие биле ангажирани на следниве работни места: помошник во кујна, возач, одржувач на парно, одржувач на парк и одржувач на хигиена во административната зграда.

За работниот ангажман во установата, на затворениците им бил исплаќан надоместок во износ од 2 000 до 3 000 денари во зависност од расположливите средства согласно буџетот на установата.

Затворениците што биле ангажирани надвор од установата, ангажирани биле во ЈП Водовод и канализација и ЈП Комунално.

## 4.5 Затвор Битола

Во Затвор Битола во анализираниот период (2019-2023), во просек, биле работно ангажирани 40 осудени лица во установата, а надвор од установата, во просек, биле работно ангажирани 12 осудени лица. Споредено со вкупниот број осудени лица што биле на издржување казна затвор во анализираниот период, податоците покажуваат дека, во просек, речиси сите затворениците биле работно ангажирани.

Тие биле ангажирани на следниве работни места: работник во овчарска фарма, краварска фарма, свињарска фарма, општа група – круг по потреба, одржување хигиена во зграда, одржување објект – затворска бавча, одржување возен парк, земјоделско-стопанска дејност, овоштарство, ветеринарство, курирска дејност, пералница, помошник во кујна, постојан извршител – трпезарија, градежни работи и молерски работи, браварство – одржување механизација, автомеханичар, хортикултурно уредување во круг, постојан извршител – фрлање отпад, постојан извршител – хигиена на капија и администрација.

За работниот ангажман во установата, на затворениците им бил исплаќан надоместок во просечен месечен износ од 561 денар.

Осудените лица што биле работно ангажирани надвор од установата, ангажирани биле во фирми како хаусмајстори, работници за хортикултурно уредување зеленило, пекари, бравари, работници за одржување деловни простории, одржување хигиена и апарати, работници на градежни работи, менаџери во магацински простор, оператори на машина за печење кафе, оператори за техничка поддршка, работници за изработка и репарација на хидраулични црева, градежни и молерски работи, оператори за храна, помошници работници на дупчачка гарнитура, слаткари, сточари, монтери, механичари, општи работници, работници за извршување помошни работи на пакување во производствен погон, набавувачи на резервни делови.

За работниот ангажман надвор од установата, на затворениците им бил исплаќан надоместок во просечен месечен износ од 913 денар.

По издржување на казната затвор, установата има информација за две лица што го задржале работниот ангажман во правните лица.

За поздравување е фактот што во текот на годините, установата склучува сè повеќе договори со различни правни лица од различни области на дејност, а повеќето им нудат специјализирани работни места, за разлика од фирми што ги ангажираат на одржување хигиена. Овој пример треба да го следат и другите КПУ од полуотворен вид.

## 4.6 Затвор Гевгелија

Во Затвор Гевгелија во анализираниот период (2019-2023), во просек, биле работно ангажирани 11 осудени лица во установата, а надвор од установата, во просек, биле работно ангажирани 26 осудени лица. Споредено со вкупниот број осудени лица што биле на издржување казна затвор во анализираниот период, податоците покажуваат дека околу 62 % од затворениците биле работно ангажирани, и тоа, повеќето надвор од установата.

Осудените лица биле работно ангажирани во установата на работните места: влезна капија, кујна, фарма, парно и соларно одржување, земјоделски работи и хортикултурно уредување.

Во 2022 година, установата има донесено Одлука за висината на месечниот надоместок во износ од 600 до 800 денари во зависност од работното место и должината на периодот за кој биле работно ангажирани. Согласно податоците, за работниот ангажман во установата, на затворениците им бил исплаќан надоместок во просечен месечен износ од 417 денари.

Во анализираниот период, установата има склучено договори со 42 правни лица од различни дејности, што е за поздравување. Осудените лица биле работно ангажирани на различни работни места, и тоа: градежништво (стовариште со железарница, молерофарбарски услуги, лимарски работи, градежни работи, електроинсталации, соларни и разладувачки системи), трговија на мало (продажба во дуќан, магацин), услуги за обезбедување имоти и лица, сообраќај (сервис за лесни моторни возила, транспортни услуги, услуги во сервис на градежни машини, шпедитерски услуги), отпад (услуги за собирање отпаден материјал), земјоделство (магацин за откуп, сточарство, живинарска фарма, оранжериско производство), услуги (печатарски работи), услуги на кабелски оператор, автосервис, текстил (погон за шиење), угостителство (магацин), преработувачко-конзервна индустрија.

И оваа КПУ е пример за установа што склучува договори со различни правни лица од различни области на дејност, кои на осудените лица им нудат квалификувани работни места, што е

особено значајно во нивната успешна ресоцијализација и реинтеграција.

Според достапните информации, ниту едно лице не го задржало работниот ангажман по издржувањето на казната.

## 4.7 Затвор Куманово

Во Затвор Куманово во анализираниот период (2019-2023), во просек, биле работно ангажирани 100 осудени лица во установата, а надвор од установата, во просек, биле работно ангажирани 18 осудени лица. Споредено со вкупниот број осудени лица што биле на издржување казна затвор во анализираниот период, податоците покажуваат дека, во просек, речиси сите затворениците биле работно ангажирани, и тоа, повеќето надвор од установата.

Осудените лица биле ангажирани на работните места: сектор пред управа и круг на установа, пералница, котларница, кујна и трпезарија, хигиеничари во простории, собирачи на канти и ѓубре, теретана, редари во здравствен сектор, библиотека, кантина, магацин и бербери.

На работно ангажираните осудени лица во установата им се исплаќа месечен надоместок во износ од 500 до 900 денари во зависност од позицијата на која е ангажирано лицето и задоволителното ниво на извршување на работните обврски.

Склучени се договори со правни лица од следниве дејности: производство, трговија и услуги, трговци поединци. Затворениците најчесто се ангажирани како општи работници, хигиеничари, магационери и сл.

Установата нема податок за тоа дали осудените лица го задржале работниот ангажман по издржаната казна затвор.

## 4.8 Отворено одделение во Крива Паланка

Во Отвореното одделение Крива Паланка во анализираниот период (2019-2023), во просек, биле работно ангажирани 16 осудени лица во установата, а надвор од установата, во просек, биле работно ангажирани 8 осудени лица. Споредено со вкупниот број осудени лица што биле на издржување казна затвор во анализираниот период, податоците покажуваат дека речиси 77 % од затворениците биле работно ангажирани, и тоа, повеќето надвор од КПУ.

Осудените лица биле ангажирани на работните места: работилница, одржување хигиена во службени простории, одржување зелени површини, кујна, магацин, курирска дејност и сл.

Склучени се договори со правни лица од следниве дејности: градежништво, угостителство, автосервиси, пилани и сл., потоа, во ЈП за комунални услуги и Општински ученички дом во Крива Паланка (општи работници).

Според достапните информации, неколкумина од осудените лица го задржале работниот ангажман по издржаната казна затвор.

## 4.9 Затвор Охрид

Во Затвор Охрид во анализираниот период (2019-2023), во просек, биле работно ангажирани 1,6 осудени деца во установата, односно, во просек, 5 % од децата. Надвор од установата не било ангажирано ниту едно лице. Причината за ова е тоа што Затвор Охрид е специјализирана установа за издржување на казната затвор за деца.

Осудените деца биле ангажирани на работните места: затворска кујна како помошници и во пералница за сортирање и перење лична облека и постелнина.

## 4.10 Затвор Скопје

Во Затвор Скопје во анализираниот период (2019-2023), во просек, биле работно ангажирани 94 осудени лица во установата, а надвор од установата, во просек, биле работно ангажирани 33 осудени лица. Споредено со вкупниот број осудени лица што биле на издржување казна затвор во анализираниот период, податоците покажуваат дека, во просек, речиси 96 % од затворениците биле работно ангажирани.

Осудените лица биле ангажирани на работните места во: кујна, бифе, трпезарија, пералница, берберница, економија, одржување зелени површини во дворот на установата.

На работно ангажираните осудени лица во установата им се исплаќа месечен надоместок во износ од 300 до 3 000 денари во зависност од работното место.

Надвор од установата, осудените лица биле ангажирани (80 %) во правни лица што се занимаваат со трговско-услужна дејност, а помал број биле ангажирани во градежни фирми и автомеханичарски работилници.

Установата нема податок за тоа дали осудените лица го задржале работниот ангажман по издржувањето казна затвор.

## 4.11 Затвор Струмица

Во Затвор Струмица во анализираниот период (2019-2023), во просек, биле работно ангажирани 61 осудено лице во установата, а надвор од установата, во просек, биле работно ангажирани 16 осудени лица. Споредено со вкупниот број осудени лица што биле на издржување казна затвор во анализираниот период, податоците покажуваат дека, во просек, речиси 90 % од затворениците биле работно ангажирани.

Осудените лица биле ангажирани на работните места во: економија, земјоделство, кујна, хортикултурно уредување, како кафеготвачи и сл.

На осудените лица не им бил исплаќан надоместок.

Установата склучува договори со правни лица за ангажирање на осудените лица во следниве дејности: градежништво, трговија, занаетчиство, производство на мебел и столарија, производство на храна. На осудените лица им бил исплаќан надоместок во износ од 10 % од вкуп-

ниот фактуриран месечен износ.

Установата има податок за едно осудено лице што го задржало работниот ангажман по издржувањето казна затвор.

## 4.12 Затвор Тетово

**В**о Затвор Тетово во анализираниот период (2019-2023), во просек, биле работно ангажирани 23 осудено лице во установата, а надвор од установата, во просек, биле работно ангажирани 17 осудени лица. Споредено со вкупниот број осудени лица што биле на издржување казна затвор во анализираниот период, податоците покажуваат дека, во просек, речиси 76 % од затворениците биле работно ангажирани.

Осудените лица биле ангажирани на работните места во: штедралница, библиотека, теретана, берберница, трпезарија, кујна (помошник готвач), потоа како хаусмајстори, водоинсталатери. Им бил исплаќан просечен месечен надоместок во износ од 241 денар.

Установата склучува договори со правни лица за ангажирање на осудените лица во следниве дејности: продажен и услужен сектор.

Установата нема податок за тоа дали осудените лица го задржале работниот ангажман по издржувањето казна затвор.

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

Генерално, може да се заклучи дека, во просек, околу 67 % од осудените лица што издржувале казна затвор во казнено-поправните биле работно ангажирани. Поради неизедначената методологија на евидентирање и следење на бројот на работно ангажирани лица, податоците треба да се земат со резерва.

Во казнено-поправните установи од затворен вид, како и во затворените одделенија на установите, тој број е драстично помал. Една од причините за ваквата состојба е веројатно фактот што затворениците класифицирани во затворено одделение не работат, пред сè, од безбедносни причини. Имено, тие се затвореници со висок ризик, па затоа, затворскиот персонал сè уште е внимателен во нивното однесување и се сомнева дали ќе ја злоупотребат довербата и ќе ја искористат можноста да сторат кривично дело, прекршок или дури и да извршат бегство. Друга причина е недостигот на работилници во казнено-поправните установи и слободни работни места. Можно решение за ангажирање повеќе затвореници од затворено одделение е да се обезбедат работилници што ќе бидат безбедни места како за затворениците, така и за затворскиот персонал, и да се обезбедат повеќе затворски чувари.

Осудените лица што издржуваат казна затвор во КПУ од полуотворен или отворен вид, како и во полуотворено или отворено одделение на установа, согласно податоците, забележуваат повисок процент на работно ангажирање. За овие осудени лица постои и можноста да бидат работно ангажирани надвор од установата. Така, во просек, процентот на работно ангажирање на овие затвореници е над 60 %, а во некои КПУ, тој процент е уште поголем, над 85 % и 90 %.

Што се однесува до работните позиции на кои се ангажираат осудените лица во установите, тие најчесто вршат работи од областа на земјоделството, сточарството, работи во работилници од различен вид, одржување зелени површини, одржување хигиена во службените простории, пералницата, кујната, магацините, парното греење и слично. Со оглед на фактот што изминативе години е сменета затвореничката структура, наспрема претежно поголемиот број затвореници со несоодветни квалификации, има одреден број затвореници што имаат одредени квалификации за работа, дури и осудени лица со високи квалификации. Казнено-поправните установи треба да обезбедат можности за работа и за овие лица согласно нивните квалификации. На овој начин, работата нема да има понижувачки карактер; ќе се земат предвид физичките и психичките способности на осудените лица; на осудените лица ќе им се овозможи да го избираат видот на работата согласно нивниот интерес за одреден вид работа; ќе бидат ангажирани за продуктивна работа; професионално, стручно и корисно ќе се оспособуваат и ќе се овозможат еднакви услови за работа како на слобода. Така, работниот процес ќе се остварува со целосно почитување на основните *начела* истакнати во меѓународните документи и во домашната регулатива.

Понатаму, од анализираните податоци може да се заклучи дека одреден број од затворениците ја користат можноста да бидат работно ангажирани надвор од установата. Казнено-поправните установи склучуваат договори за ангажирање осудени лица со фирми најчесто од следниве дејности: градежништво, трговија, занаетчиство, производство на мебел и столарија, производство на храна. Исто така, осудените лица се ангажираат и во јавни претпријатија за водовод и канализација и други комунални услуги. Затворениците најчесто се ангажирани како општи работници, но одредени затвореници се ангажираат и како квалификувани ра-

ботници. Трендот на склучување договори со правни лица за работно ангажирање на затворениците треба да го следат сите казнено-поправни установи. Работното ангажирање на осудените лица надвор од установата е особено значајно за остварување на ресоцијализацијата и понатаму успешна реинтеграција на осудените лица назад во заедницата, особено бидејќи нуди можности лицата професионално да се оспособат и да го задржат работниот ангажман и по издржување казна, односно по отпуштање од КПУ. Со цел поголема заинтересираност на правни лица работно да ангажираат осудени лица, по примерот на други држави, треба да се предвидат одредени даночни олеснувања за нив. Работата е клучен фактор лицето да продолжи по „прав“ пат, односно да не западне во рецидивизам непосредно по отпуштањето од КПУ.[65] За жал, во нашата држава, поради проблемот со неефикасна постпенална помош,[66] немаме развиен систем за да ги следиме осудените лица по издржувањето казна затвор и да им се помогне во насока да не продолжат да вршат кривични дела. Оттука, и разбирливо е зошто КПУ немаат податоци за тоа дали осудените лица ја задржале работата во правните лица каде што биле ангажирани.

Што се однесува до наградата што им се исплаќа на осудените лица за работниот ангажман, може да заклучиме дека таа е симболична и, секако, зависи од расположливите средства на установата. Износот што го добиваат затворениците за својот работен ангажман се движи од 150, во исклучителни случаи, до 3 000 денари на месечно ниво. Треба да нагласиме дека во однос на принципот на обезбедување правична награда за трудот на осудените лица, во современите казнено-поправни системи се појавуваат два тренда. Согласно првиот, исплатливоста на работата мора да биде врвен принцип на работната терапија и основа за компензација на трудот. Втората тенденција го фаворизира едукативниот и рехабилитациониот ефект на работата на затворениците, односно надоместокот за работа на осудените лица треба да има карактер на поттик, награда за заложбата, со крајна цел – ресоцијализација на затвореникот. Се чини дека кај нас, со оглед на симболичниот износ на награда што ја добиваат осудените лица, прифатен е вториот тренд. Во иднина може да се размислува за примена и на првиот тренд, но треба да се биде особено внимателен да не се злоупотребува трудот на осудените лица, со што ќе се анулираат позитивните ресоцијализирачки ефекти на работата како облик на третман.

Актуелните проблеми во однос на работата на затворениците како третман се разгледуваат и во Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021-2025).[67] Националната стратегија апелира за идни подобрувања во однос на ова прашање, препознавајќи дека работниот третман на затворениците е од големо значење за процесот на ресоцијализација на затворениците. Во таа насока е стратешката цел 5.3.

65 За ова в. повеќе Груевска-Дракулевски, А. (2016) „Затвор и рецидивизам“, Скопје: „Студиорум“ – Центар за регионални истражувања и соработка.

66 За ова в. повеќе Gruevska-Drakulevski, Aleksandra (2012) “Post Penal Assistance of Ex-Prisoners: The Case of the Republic of Macedonia” in Iustinianus Primus Law Review, No.4, Year III, Spring 2012, Skopje: Faculty of Law “Iustinianus Primus” in Skopje.
https://ukimmk-my.sharepoint.com/personal/ikt_pf_ukim_edu_mk/_layouts/15/onedrive.aspx?id=%2Fpersonal%2Fikt%5Fpf%5Fukim%5Fedu%5Fmk%2FDocuments%2FLaw%20Review%2FBroj%204%2FAleksandra%20Gruevska%2DDrakulevski%2Epdf&parent=%2Fpersonal%2Fikt%5Fpf%5Fukim%5Fedu%5Fmk%2FDocuments%2FLaw%20Review%2FBroj%204&ga=1, пристапено на: 24.4.2024 година.
Груевска Дракулевски, Александра (2023) „Состојбата со постпеналната помош и ресоцијализацијата во Република Северна Македонија“ (основна студија), Скопје: Македонско пенолошко друштво. https://msp.mk/wp-content/uploads/2023/05/MK_Resocijalizacija-i-Reintegracija_09-07-04-2023.pdf, пристапено на: 24.4.2024 година.

67 Национална стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021-2025). Јакнење на капацитетите на пенитенцијарниот систем и на надворешниот механизам за контрола на полицијата во Северна Македонија Horizontal Facility за Западен Балкан и во Турција 2019-2022 https://uis.gov.mk/wp-content/uploads/2021/11/%D0%9D%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D1%98-portain-10092021-MKD.pdf, пристапено на 24.4.2024 година.

Имено, се истакнува потребата да се направи процена на тековната ситуација во КПУ и можности за работно ангажирање на лицата (осудените и лицата во притвор) во и надвор од КПУ. Потоа, потребно е обезбедување опрема и материјали што се неопходни за функционирање на работилниците во затворите, како и кадровско екипирање. Исто така, подобрување на соработката со релевантни надворешни институции и компании со цел да се обезбеди стручно образование за осудените лица и нивно стекнување со диплома (сертификат) за различни занимања. И, подобрување на можностите за работно ангажирање на осудените лица во партнерство со компании и други релевантни правни лица (на национално ниво и во локалните заедници).[68]

# НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

Основна карактеристика на современиот казнено-поправен систем е променетиот однос кон работата на осудените лица. Во современите казнено-поправни системи, работата на затворениците се користи како главна форма на третман при нивната ресоцијализација. Работата на затворениците како форма на третман се разгледува од два аспекта: прво, преку работата, затвореникот треба да стекне работни навики, исто така, затвореникот треба да биде убеден дека работата може да му обезбеди пристоен, чесен и среќен живот и, второ, преку работата, затвореникот треба да се оспособи за стекнување соодветни стручни и професионални квалификации што ќе му обезбедат поголема финансиска и социјална сигурност во животот на слобода.

Во пенологијата денес се истакнува дека работата на осудениот е клучна карактеристика во неговото оспособување да води усогласен општествен живот. Истакнувајќи ја работата како примарен облик на третман на затворениците, некои автори зборуваат за „социјализација преку работа“, а оние автори што се клинички ориентирани зборуваат за „работна терапија“ како главна форма на третман.

Сосема е јасно дека во современиот затворски систем, работата како облик на третман е од големо значење. Работата на затворениците е прашање уредено и со меѓународните документи што се занимаваат со правата на затворениците, како што се Стандардните минимални правила за постапување со затворениците (Правилата на Нелсон Мандела) и Европските затворски правила. Од големо значење е придонесот на Правилата на Нелсон Мандела и ЕЗП за прифаќање и спроведување на работата како облик на третман на затворениците во казнено-поправните установи. Тие предвидуваат препораки за тоа како да се спроведе и како да се реализира работата на затворениците. Според овие документи, работата на затворениците треба да се заснова врз неколку основни принципи. Во различни казнено-поправни системи се јавуваат мошне големи разлики во примената на овие принципи како последица на основниот пристап на дефинирање на целите на казнувањето, различните карактеристики на казнено-поправните системи и условите за примена на работата на затворениците. Исто така, од големо значење е тоа дали работата на затворениците е организирана од приватен изведувач, бидејќи во овие земји постои тенденција за максимално искористување на трудот на затворениците. Поради овој факт, Правилата на Нелсон Мандела, спротивно на ЕЗП, нагласуваат дека, по можност, институционалните индустрии и фарми треба да бидат управувани директно од администрацијата, а не од приватни изведувачи.

Покрај меѓународните документи, и ЗИС и подзаконските акти ја нагласуваат важноста на работата на затворениците за нивна успешна ресоцијализација. Основните принципи за организација

[68] *Ibid.* стр. 25.

на работата како облик на третман на осудените лица се имплементирани во македонскиот Закон за извршување на санкциите, што го прави современ закон.

Од анализата на податоците за работниот ангажман на осудените лица во РСМ може да се заклучи дека работниот ангажман на осудените лица се организира во и надвор од казнено-поправните установи врз основа на претходна согласност на осуденото лице да ја врши работата што му е доделена. Во просек, околу 67 % од осудените лица што издржувале казна затвор во казнено-поправните установи биле работно ангажирани. Поголемиот број од осудените лица што се работно ангажирани се класифицирани во отворени и полуотворени казнено-поправни установи, односно одделенија во рамките на установите. Во казнено-поправните установи од затворен вид, како и во затворените одделенија на установите, тој број е драстично помал, што негативно се одразува на процесот на нивна успешна ресоцијализација. Можно решение за ангажирање повеќе затвореници од затворено одделение е да се обезбедат работилници што ќе бидат безбедни места како за затворениците, така и за затворскиот персонал, и да се обезбедат повеќе затворски чувари.

Казнено-поправните установи не нудат широк опсег на активности во кои осудените лица би можеле да бидат ангажирани на работа. Осудените лица најчесто вршат работи од областа на земјоделството, сточарството, работи во работилници од различен вид, одржување зелени површини, одржување хигиена во службените простории, пералницата, кујната, магацините, парното греење и слично. Казнено-поправните установи треба да обезбедат можности за работа за сите осудени лица согласно нивните квалификации. На овој начин, работата ќе се остварува со целосно почитување на основните *начела* истакнати во меѓународните документи и во домашната регулатива.

Понатаму, мора да се нагласи фактот дека и покрај тоа што се направени напори во КПУ, сè уште недостигаат работилници во казнено-поправните установи и слободни работни места. Исто така, постојната опрема во работилниците е застарена и не одговара на современата технологија во слободното општество.

Следно, надоместокот што го добиваат затворениците е далеку од правичен надоместок за нивниот труд, а во некои казнено-поправни установи, на затворениците не им се дава ништо за нивната работа. Оваа сегашна состојба треба колку што е можно поскоро да се подобри, бидејќи е контрапродуктивна на поимот работен третман на затворениците и нивна ресоцијализација.

Како заклучок, прашањата за работата на осудените лица како облик на третман во пенитенцијарната практика во Република Северна Македонија бараат подобрувања. Се надеваме дека тоа ќе се постигне со планираните активности со Национална стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021-2025).

# ПРЕПОРАКИ

### За Владата

- алоцирање ресурси за ефективен работен ангажман на осудените лица;
- да се предвидат одредени даночни олеснувања со цел стимулирање правни лица работно да ангажираат осудени лица за време на издржување на казната затвор и по отпуштањето од КПУ.

### За УИС и КПУ

- да се изготви статистички прашалник со цел унифицирана методологија на следење на работниот ангажман на осудените лица;
- да се направи процена на тековната состојба и можностите за работно ангажирање на осудените лица во и надвор од КПУ;
- да се обезбедат можности за работа за сите осудени лица согласно нивните квалификации;
- да се обезбедат опрема и материјали што се неопходни за функционирање на работилниците во затворите, како и кадровско екипирање;
- да се унапреди соработката со јавни претпријатија и правни лица со цел работно ангажирање осудени лица;
- соработка со релевантни институции и компании со цел да се обезбеди стручно образование за осудените лица и нивно стекнување со диплома (сертификат) за различни занимања;
- да се зголеми надоместокот што го добиваат осудените лица за нивниот работен ангажман;
- поттикнување, охрабрување и давање совети на осуденото лице за прифаќање на работата како облик на третман.

### За ЦСР

- помош и поддршка на осудените лица по отпуштањето од издржувањето казна затвор преку: пронаоѓање вработување и довршување на стручното оспособување;
- соработка со Агенцијата за вработување.

### За пробациските службеници

- укажување соодветна помош на лицата по отпуштањето од казнено-поправната установа;
- соработка со Агенцијата за вработување.

### За Агенцијата за вработување

- укажување помош при вработување на лицата по отпуштањето од казнено-поправната установа, бидејќи процесот на ресоцијализација продолжува и по издржувањето казна затвор.

### За јавни претпријатија и правни лица

- да се сензибилизираат за потребата од работен ангажман на осудени лица и да се ослободат од предрасудите кон осудените лица со цел помасовно нивно вработување по издржувањето казна затвор.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Cornil, P., *Le travail penitentiaire*. cit. in Арнаудовски, Љ. и Груевска-Дракулевски, А. (2011), *„Закон за извршување на санкциите: интегрален текст со предговор, кратки објаснувања и регистар на поимите со прилози“*, Скопје: „Студиорум“ – Центар за регионални истражувања и соработка.

Council of Europe, Committee of Ministers, Recommendation Rec (2006)2 of the Committee of Ministers to member states on the European Prison Rules (Adopted by the Committee of Ministers on 11 January 2006 at the 952nd meeting of the Ministers' Deputies). https://rm.coe.int/european-prison-rules-978-92-871-5982-3/16806ab9ae, пристапено на 21.4.2024 година.

Council of Europe, CPT/Inf (2021) 8, Report to the authorities of North Macedonia on the visit to North Macedonia carried out by the European Committee for the Prevention of Torture and Inhuman or Degrading Treatment or Punishment (CPT) from 2 to 10 December 2019. https://rm.coe.int/1680a26b8f, пристапено на 24.4.2024 година.

Gruevska-Drakulevski, Aleksandra (2012) "*Post Penal Assistance of Ex-Prisoners: The Case of the Republic of Macedonia*" in Iustinianus Primus Law Review, No.4, Year III, Spring 2012, Skopje: Faculty of Law "Iustinianus Primus" in Skopje. https://ukimmk-my.sharepoint.com/personal/ikt_pf_ukim_edu_mk/_layouts/15/onedrive.aspx?id=%2Fpersonal%2Fikt%5Fpf%5Fukim%5Fedu%5Fmk%2FDocuments%2FLaw%20Review%2FBroj%204%2FAleksandra%20Gruevska%2DDrakulevski%2Epdf&parent=%2Fpersonal%2Fikt%5Fpf%5Fukim%5Fedu%5Fmk%2FDocuments%2FLaw%20Review%2FBroj%204&ga=1, пристапено на: 24.4.2024 година.

Gruevska-Drakulevski, Aleksandra (2016) *"Work of Prisoners in Macedonia: Legislative and Practical Aspects"*, in Iustinianus Primus Law Review, no. 12, volume VIII, Spring 2016, Skopje: Faculty of Law "Iustinianus Primus" in Skopje.

https://ombudsman.mk/%D0%9F%D0%BE%D1%87%D0%B5%D1%82%D0%BD%D0%B0/%D0%9D%D0%9F%D0%9C/%D0%98%D0%97%D0%92%D0%95%D0%A8%D0%A2%D0%90%D0%98/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%BD%D0%B8.aspx, пристапено на 24.4.2024 година.

https://www.coe.int/mk/web/cpt/north-macedonia, пристапено на 24.4.2024 година.

Milutinovic, Milan, *"Penologija – Nauka o izvrsenju krivicnih sankcija i resocijalizaciji osudenika"*, Savremena Administracija, 1981, Beograd.

Pinatel, J., *Méthodes moderns de traitement pénitentiaire*, 1957, p. 127-128, 125-132 cit. in Арнаудовски, Љ. и Груевска-Дракулевски А. (2011), *„Закон за извршување на санкциите: интегрален текст со предговор, кратки објаснувања и регистар на поимите со прилози“*, Скопје: „Студиорум“ – Центар за регионални истражувања и соработка.

Standard Minimum Rules for the Treatment of Prisoners, Adopted by the First United Nations Congress on the Prevention of Crime and the Treatment of Offenders, held at Geneva in 1955, and approved by the Economic and Social Council by its resolutions 663 C (XXIV) of 31 July 1957 and 2076 (LXII) of 13 May 1977. The United Nations Standard Minimum Rules for the Treatment of Prisoners (Nelson Mandela Rules) adopted by the United Nations General Assembly on 17 December 2015. https://www.unodc.org/documents/justice-and-prison-reform/Nelson_Mandela_Rules-E-ebook.pdf, пристапено на 21.4.2024 година.

Арнаудовски, Љупчо (1998), „*Пенологија: наука за извршување на кривичните санкции*“, Скопје: Правен факултет, стр. 246.

Арнаудовски, Љ. и Груевска-Дракулевски, А. (2011), „*Закон за извршување на санкциите: интегрален текст со предговор, кратки објаснувања и регистар на поимите со прилози*“, Скопје: „Студиорум“ – Центар за регионални истражувања и соработка.

Арнаудовски, Љ./Груевска-Дракулевски, А. (2013), „*Пенологија*“ (прв и втор дел), Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2 Август С Штип, Скопје.

Груевска Дракулевски, Александра (2023), „*Состојбата со постпеналната помош и ресоцијализацијата во Република Северна Македонија*“ (основна студија), Скопје: Македонско пенолошко друштво. https://msp.mk/wp-content/uploads/2023/05/MK_Resocijalizacija-i-Reintegracija_09-07-04-2023.pdf, пристапено на: 24.4.2024 година.

Груевска-Дракулевски, А. (2016), „*Затвор и рецидивизам*“, Скопје: „Студиорум“ – Центар за регионални истражувања и соработка.

Закон за авторското право и сродните права („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/10, 140/10, 51/11, 147/13, 154/15 и 27/16).

Закон за безбедност и здравје при работа („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ БР. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15 И 30/16 И „СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ БР. 18/20).

Закон за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/2005, 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009 и 48/2010).

Закон за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21).

Закон за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/00, 34/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16, 171/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 77/21, 285/21, 60/23, 154/23 и 209/23).

Закон за индустриската сопственост („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ БР. 21/09, 24/11, 12/14, 41/14, 152/15, 53/16, 83/18 И 31/20).

ЗАКОН ЗА ОБЛИГАЦИОНИТЕ ОДНОСИ „СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ БР. 18/01, 04/02, 05/03, 84/08, 81/09, 161/09 И 123/13 И „СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ БР. 215/21 И 154/23)

Закон за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22 и 79/23).

Закон за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23).

Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24).

Куќен ред за осудените лица што издржуваат казна затвор во казнено-поправна установа, јуни 2020 година, Министерство за правда, Управа за извршување санкции.

Национална стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021-2025). Јакнење на капацитетите на пенитенцијарниот систем и на надворешниот механизам за контрола на полицијата во Северна Македонија *Horizontal Facility* за Западен Балкан и Турција 2019-2022 https://uis.gov.mk/wp-content/uploads/2021/11/%D0%9D%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D1%98-portain-10092021-MKD.pdf

Правилник за определување на надоместокот и наградата за работа на осудените лица, како и за лицата што без своја вина не работат („Службен весник на Република Македонија“ бр. 99/19 и 220/19).

Сулејманов, Зоран (1999), „*Пенологија*“, Скопје: Графохартија.

Упатство за определување на видовите и начините на третман на осудените лица („Службен весник на Република Македонија“ бр. 133/2020).

Упатство за условите, начинот и постапката за работно ангажирање осудено лице надвор од установата (јуни 2020 година) и Упатство за изменување и дополнување на Упатството за условите, начинот и постапката за работно ангажирање осудено лице надвор од установата (март 2023 година).

# АНЕКС

**Табела 1.** Вкупен број осудени лица што издржувале казна во КПУ заклучно со 31 декември во тековната година

| | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | Средна вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **КПД Идризово** | 1 181 | 1 009 | 1 121 | 1 205 | 1 216 | 1 146 |
| **КПД Штип** | 220 | 199 | 236 | 240 | 225 | 224 |
| **КПД Прилеп** | 85 | 106 | 120 | 131 | 35 | 95 |
| **КПД Струга** | 35 | 38 | 46 | 56 | 164 | 68 |
| **Затвор Битола** | 13 | 20 | 77 | 76 | 66 | 50 |
| **Затвор Гевгелија** | 34 | 35 | 42 | 64 | 123 | 60 |
| **Затвор Куманово** | 80 | 121 | 115 | 118 | 23 | 91 |
| **Отворено одделение во Крива Паланка** | 12 | 10 | 15 | 11 | 105 | 31 |
| **Затвор Охрид** | 8 | 4 | 4 | 4 | 133 | 31 |
| **Затвор Скопје** | 104 | 119 | 166 | 172 | 104 | 133 |
| **Затвор Струмица** | 92 | 96 | / | 89 | 67 | 86 |
| **Затвор Тетово** | 66 | 71 | 62 | 61 | 4 | 53 |
| **Вкупно** | **1 941** | **1 828** | **2 004** | **2 227** | **2 265** | **2 053** |

## КПД ИДРИЗОВО

**Табела 2.** Работно ангажирани осудени лица во и надвор од КПД Идризово (2019-2023)

| Година | Работно ангажирани во установата | Работно ангажирани надвор од установата |
|---|---|---|
| **2019** | 1 999 | 39 |
| **2020** | 3 021 | 28 |
| **2021** | 3 125 | 41 |
| **2022** | 2 450 | 46 |
| **2023** | 2 534 | 53 |
| **Вкупно** | 13 129 | 207 |
| **Средна вредност** | 2 626 | 41 |

## КПД ШТИП

**Табела 3.** Работно ангажирани осудени лица во и надвор од КПД Штип (2019-2023)

| Година | Работно ангажирани во установата | Работно ангажирани надвор од установата |
|---|---|---|
| **2019** | 49 | / |
| **2020** | 49 | / |
| **2021** | 50 | / |
| **2022** | 49 | / |
| **2023** | 49 | / |
| **Вкупно** | 246 | 41 |
| **Средна вредност** | 49 | 8 |

**Табела 4.** Работни места и износ на надоместок за работно ангажирање на осудените лица во КПД Штип (2019-2023)

| | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | Плата (денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Магацин | 4 | 4 | 4 | 3 | 4 | 400 |
| Котларница | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 | 400 |
| Работилница | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 400 |
| Изнесување смет | 2 | 2 | 2 | 4 | 2 | 600 |
| Резбарство | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 30 |
| Берберница | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 300 |
| Шивалница | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 300 |
| Фарма | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 700 |
| Земјоделство | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 600 |
| Одржување паркови и зеленило | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 400 |
| Канализација | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 400 |
| Одржување хигиена во затворска училница | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 200 |
| Библиотека | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 150 |
| Затворска перална | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 400 |
| Одржување канализациска мрежа | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 400 |
| Одржување хигиена во амбуланта | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 300 |
| Затворска кујна | 6 | 6 | 7 | 6 | 5 | 1 000 |
| Затворска пекарница | 4 | 4 | 5 | 4 | 4 | 800 |
| Управна зграда | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 150 |
| Бифе за вработени | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 600 |
| Работа со машина за чистење | 4 | 4 | 4 | 4 | 4 | 400 |
| **Вкупно** | 49 | 49 | 50 | 49 | 49 | Средна вредност 425 |

## КПД ПРИЛЕП

**Табела 5.** Работно ангажирани осудени лица во и надвор од КПД Прилеп (2019-2023)

| Година | Работно ангажирани во установата | Работно ангажирани надвор од установата |
|---|---|---|
| 2019 | 18 | 8 |
| 2020 | 39 | 15 |
| 2021 | 33 | 10 |
| 2022 | 27 | 11 |
| 2023 | 53 | 10 |
| Вкупно | 170 | 54 |
| Средна вредност | 34 | 11 |

**Табела 6.** Работни места за работно ангажирање на осудените лица во КПД Прилеп (2019-2023)

| | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|
| Земјоделство | 1 | 3 | 10 | 2 | 9 |
| Сточарство | 1 | 2 | 4 | 2 | 1 |
| Браварска работилница | 1 | 7 | 3 | 2 | 3 |
| Кујна | 4 | 3 | 7 | 5 | 6 |
| Машинска работилница | / | / | / | / | 3 |
| Други работи | 11 | 24 | 9 | 16 | 31 |
| Вкупно | 18 | 39 | 33 | 27 | 53 |

**Табела 7.** Износ на вкупно исплатен надоместок за работно ангажирање на осудените лица во КПД Прилеп (2019-2023)

| | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | Средна вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно исплатен надоместок на годишно ниво (во денари) | 301 033 | 129 403 | 306 551 | 453 801 | 251 300 | 238 660 |
| Средна вредност на месечно ниво | 1 394 | 277 | 774 | 1 401 | 395 | 848,2 |

**Табела 8.** Работни места за работно ангажирање надвор од КПУ на осудените лица од КПД Прилеп (2019-2023)

| | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|
| Прехрана | 2 | 3 | 2 | 3 | 1 |
| Лимаро-фарбарски сервис | 2 | 3 | 2 | 1 | / |
| Градежен сектор | 2 | 3 | 3 | 2 | 4 |
| Ролетарство | 1 | 1 | / | / | / |
| Земјоделство | 1 | / | / | / | / |
| Изработка на иверица | / | 1 | / | / | / |
| Дрвна индустрија | / | 2 | 2 | 2 | 3 |
| Металопреработувачка индустрија | / | 2 | 1 | 1 | / |
| Автоперални ца | / | / | / | 2 | 2 |
| Вкупно | 8 | 15 | 10 | 11 | 10 |

## КПД СТРУГА

**Табела 9.** Работно ангажирани осудени лица во и надвор од КПД Струга (2019-2023)

| Година | Работно ангажирани во установата | Работно ангажирани надвор од установата |
|---|---|---|
| 2019 | / | 17 |
| 2020 | / | 10 |
| 2021 | / | 19 |
| 2022 | / | 16 |
| 2023 | / | 12 |
| Вкупно | 25 | 74 |
| Средна вредност | 5 | 15 |

## ЗАТВОР БИТОЛА

**Табела 10.** Работно ангажирани осудени лица во и надвор од Затвор Битола (2019-2023)

| Година | Работно ангажирани во установата | Работно ангажирани надвор од установата |
|---|---|---|
| **2019** | 8 | 8 |
| **2020** | 45 | 6 |
| **2021** | 43 | 11 |
| **2022** | 38 | 11 |
| **2023** | 64 | 22 |
| **Вкупно** | 198 | 58 |
| **Средна Вредност** | 40 | 12 |

**Табела 11.** Работни места за работно ангажирање на осудените лица во Затвор Битола (2019-2023[69])

| | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Овчарска фарма** | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 |
| **Краварска фарма** | 2 | 2 | 2 | / | 1 |
| **Свињарска фарма** | / | 2 | / | / | / |
| **Општа група – круг по потреба** | / | 29 | 30 | 14 | 38 |
| **Одржување хигиена во зграда** | 1 | / | / | / | / |
| **Одржување објект – затворска бавча** | / | / | / | 2 | / |
| **Одржување возен парк** | / | / | / | / | 1 |
| **Земјоделско-стопанска дејност** | 1 | 4 | 1 | / | / |
| **Овоштарство** | / | 1 | / | / | / |
| **Ветеринарство** | / | 1 | / | / | / |
| **Курирска дејност** | / | 1 | / | / | 2 |
| **Пералница** | / | 1 | 1 | / | 1 |
| **Помошник во кујна** | / | 2 | 6 | 12 | 10 |
| **Постојан извршител – трпезарија** | / | / | / | 1 | 1 |
| **Градежни работи и молерски работи** | 1 | / | / | / | 5 |
| **Браварство – одржување механизација** | 1 | / | / | / | / |
| **Автомеханичар** | | / | / | 2 | / |
| **Хортикултурно уредување во круг** | / | / | 2 | 2 | 1 |
| **Постојан извршител – фрлање отпад** | / | / | / | 1 | 1 |
| **Постојан извршител – хигиена на капија и администрација** | / | / | / | / | 1 |
| **Вкупно[69]** | 8 | 45 | 43 | 36 | 64 |

[69] Земени се предвид само работни места за кои во тековната година се издадени решенија од страна на установата.

**Табела 12.** Износ на вкупно исплатен надоместок за работно ангажирање на осудените лица во Затвор Битола (2019-2023)

| | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | Средна вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно исплатен надоместок на годишно ниво (во денари)** | 211 720 | 64 560 | 86 395 | 86 166 | 88 818 | 107 532 |
| **Средна вредност на месечно ниво (во денари)** | 2 205 | 120 | 167 | 199 | 116 | 561 |

**Табела 13.** Износ на вкупно исплатен надоместок за работно ангажирање надвор од КПУ на осудените лица од Затвор Битола (2019-2023)

| | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | Средна вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно исплатен надоместок на годишно ниво (во денари)** | 137 260 | 16 620 | 143 396 | 131 885 | 216 575 | 129 147 |
| **Средна вредност на месечно ниво (во денари)** | 1 430 | 231 | 1.086 | 999 | 820 | 913 |

## ЗАТВОР ГЕВГЕЛИЈА

**Табела 14.** Работно ангажирани осудени лица во и надвор од Затвор Гевгелија (2019-2023)

| Година | Работно ангажирани во установата | Работно ангажирани надвор од установата |
|---|---|---|
| **2019** | 8 | 23 |
| **2020** | 8 | 17 |
| **2021** | 10 | 22 |
| **2022** | 13 | 28 |
| **2023** | 14 | 39 |
| **Вкупно** | 53 | 129 |
| **Средна вредност** | 11 | 26 |

**Табела 15.** Износ на вкупно исплатен надоместок за работно ангажирање на осудените лица во Затвор Гевгелија (2019-2023)

| | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | Средна вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно исплатен надоместок на годишно ниво (во денари)** | 35 200 | 17 000 | 60 000 | 66 500 | 103 500 | 56 440 |
| **Средна вредност на месечно ниво (во денари)** | 367 | 177 | 500 | 426 | 616 | 417 |

## ЗАТВОР КУМАНОВО СО ОТВОРЕНО ОДДЕЛЕНИЕ КРИВА ПАЛАНКА

**Табела 16.** Работно ангажирани осудени лица во и надвор од Затвор Куманово (2019-2023)

| Година | Работно ангажирани во установата | Работно ангажирани надвор од установата |
|---|---|---|
| **2019** | 92 | 19 |
| **2020** | 105 | 19 |
| **2021** | 115 | 10 |
| **2022** | 90 | 21 |
| **2023** | 98 | 21 |
| **Вкупно** | 500 | 90 |
| **Средна вредност** | 100 | 18 |

**Табела 17.** Работно ангажирани осудени лица во и надвор од Отвореното одделение Крива Паланка (2019-2023)

| Година | Работно ангажирани во установата Отворено одделение Крива Паланка | Работно ангажирани надвор од установата |
|---|---|---|
| **Вкупно** | 80 | 40 |
| **Средна вредност** | 16 | 8 |

## ЗАТВОР ОХРИД

**Табела 18.** Работно ангажирани осудени деца во и надвор од Затвор Охрид (2019-2023)

| Година | Работно ангажирани во установата | Работно ангажирани надвор од установата |
|---|---|---|
| **Вкупно** | 8 | 0 |
| **Средна вредност** | 1,6 | 0 |

## ЗАТВОР СКОПЈЕ

**Табела 19.** Работно ангажирани осудени лица во и надвор од Затвор Скопје (2019-2023)

| Година | Работно ангажирани во установата | Работно ангажирани надвор од установата |
|---|---|---|
| **Вкупно** | 468 | 167 |
| **Средна вредност** | 94 | 33 |

## ЗАТВОР СТРУМИЦА

**Табела 20.** Работно ангажирани осудени лица во и надвор од Затвор Струмица (2019-2023)

| Година | Работно ангажирани во установата | Работно ангажирани надвор од установата |
|---|---|---|
| **Вкупно** | 305 | 81 |
| **Средна вредност** | 61 | 16 |

## ЗАТВОР ТЕТОВО

**Табела 21.** Работно ангажирани осудени лица во и надвор од Затвор Тетово (2019-2023)

| Година | Работно ангажирани во установата | Работно ангажирани надвор од установата |
|---|---|---|
| **2019** | 20 | 18 |
| **2020** | 25 | 9 |
| **2021** | 26 | 22 |
| **2022** | 23 | 21 |
| **2023** | 23 | 17 |
| **Вкупно** | 117 | 87 |
| **Средна вредност** | 23 | 17 |

**Табела 22.** Работни места за работно ангажирање на осудените лица во Затвор Тетово (2019-2023)

| | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пералница** | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 |
| **Хаусмајстор** | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| **Библиотека** | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| **Теретана** | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| **Берберница** | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| **Трпезарија** | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| **Кујна (помошник готвач)** | 8 | 12 | 13 | 11 | 11 |
| **Водоинсталатер** | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| **Вкупно** | 20 | 25 | 26 | 23 | 23 |

**Табела 23.** Износ на вкупно исплатен надоместок за работно ангажирање на осудените лица во Затвор Тетово (2019-2023)

| | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | Средна вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно исплатен надоместок на годишно ниво (во денари)** | 62 000 | 51 820 | 56 420 | 81 710 | 81 710 | 66 732 |
| **Средна вредност на месечно ниво (во денари)** | 258 | 173 | 181 | 296 | 296 | 241 |

**Табела 24.** Средна вредност на број на осудени лица што издржувале казна затвор заклучно со 31.12 во тековната година, средна вредност на работно ангажирани осудени лица во и надвор од установата, процентуална средна вредност на вкупно работно ангажирани осудени лица за периодот 2019-2023 година

| (2019-2023) Средна вредност | Број на осудени лица што издржувале казна затвор заклучно со 31.12 | Работно ангажирани во установата | Работно ангажирани надвор од установата | % на работно ангажирани осудени лица |
|---|---|---|---|---|
| **КПД Идризово** | 1 146 | 2 626 | 41 | 100 (233) |
| **КПД Штип** | 224 | 49 | 8 | 25 |
| **КПД Прилеп** | 95 | 34 | 11 | 47 |
| **КПД Струга** | 68 | 5 | 15 | 29 |
| **Затвор Битола** | 50 | 40 | 12 | 100 (104) |
| **Затвор Гевгелија** | 60 | 11 | 26 | 62 |
| **Затвор Куманово** | 91 | 100 | 18 | 100 (130) |
| **Отворено одделение во Крива Паланка** | 31 | 16 | 8 | 77 |
| **Затвор Охрид** | 31 | 1.6 | 0 | 5 |
| **Затвор Скопје** | 133 | 94 | 33 | 96 |
| **Затвор Струмица** | 86 | 61 | 16 | 90 |
| **Затвор Тетово** | 53 | 23 | 17 | 76 |
| **Средна вредност** | 2 053 | 255 | 17 | 67 % |

Овој проект е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

ГРАДЕЊЕ НА УСЛУГИ ЗАСНОВАНИ НА ЗАЕДНИЦАТА ЗА ПОДДРШКА НА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ПОРАНЕШНО ОСУДЕНИ ЛИЦА



МЗМП

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

избор

Здружение за советување, лекување, реинтеграција и ресоцијализација на лица зависни од психоактивни супстанци Избор Струмица

МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО